01-2011
26.02.2021 год
ПРОБИШТИП

# И з в е ш т а ј

За работа на ОУ Дом на култура “Злетовски Рудар”- Пробиштип за 2020година

Во изминатата 2020 година поради пандемијата со корона вирусот не се реализирани голем број на активности, настани ,манифестации и фестивали предвидени во програмата за работа на Домот на културата “Злетовски Рудар”-Пробиштип.

Реализирани се активности и настани од следните дејности.

## Програма I-Библиотечно-издавачка дејност

Во областа на библиотечно-издавачката дејност се реализирани следните активности:

-Збогатување на книжниот фонд предвиден за 2020 година со нови наслови од стручна литература како и лектирни изданија и белетристика;

-Обработка на книжниот фонд од страна на стручните лица и внесување во мрежата cobiss;

-Користење на стручната литература која ја имаме во огромен број од сите области на науката од страна на сите наши читатели членови на градската библиотека;

0102-2011
IV
16.02.21

## Музичко - сценско уметничка дејност

## Балетското студио

Балетското студио “Магија” оваа година со препорачани протоколи ги извршуваше пробите и зеде учество на неколку натпревари од кои дел со физичко присуство ,а дел онлајн:

- **Балетското студио “Магија“** 2020 година учесвуваше на неколку фестивали и натпревари како што се: Dance off-Скопје каде освои четврто место,Stage каде освои две први места ,Christmas Dance Competition 2020 каде освои шест први и две втори места

Членовите на балетското студио “Магија” постигнаа успеси , многу награди и признанија во различни категории и успешно и достојно го претставија нашиот град и нашата институција и во оваа тешка ситуација .

-Во тековната 2020 година се одржаа и неколку работилници за модерен танц со професионални танчери.Добија и сертификати за учество на работилници кај познати наши и странски кореографи и професори.

- Во долгогодишна соработка онлајн работилници одржаа заедно со балетските студија од Велес,Скопје и Штип

-Исто така и оваа годиназемаа учество во проектот Современа танцова тура 2020 година ,кој за прв пат се одржа онлајн.

- Балетското студио “Магија” во следната 2021 година со подобрување на ситуацијата ќе продолжи да ги негува модерните танци и се разбира ќе земе учество на сите општински манифестации,државни и меѓународни натпревари како во нашата така и во други држави .

Во следната 2021 година Домот на културата “Злетовски рудар” планира предвидените активностите, настаните, манифестации и фестивали со програмата за работа да бидат реализирани според протоколите дадени од Министерство за култура за секоја дејност,а дел од нив ќе бидат реализирани онлајн.Доколку ситуацијата се врате во нормала активностите ќе се спроведуваат нормално според предвидената програма за работа .

ОУ Дом на културата “Злетовски

Рудар”-Пробиштип

ВД Д и р е к т о р

____________________